СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 декември 1994 година

Скопје, декември 1994 година

## СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ НА ПЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 7 ДЕЌЕМВРИ 1994 ГОДИНА

Со седницата раководи господинот Тито Петковски


1. АРСОВСКИ БРАНКО - стр.13
2. АНДОНОВ СТОЈАН – 61
3. ВЕЈСЕЛИ АБДУЛАДИ - 40
4. ДИМОВ ЛАЗО -14, 17, 18
5. ЖУТА БЕЌИР - 18
6. ИВАНОВ РИСТО - 5, б, 7 (од Владата)
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 41, 43
8. НИКОЛОВ ЈОВАН - 28
9. ОСМАНИ РУФИ – 32 ,34, 38
10. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 10, б0
11. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 55
12. СТОЈКОВСКИ ,56
13. СТОЈАНОВСКИ Т0МИСЛАВ - 4, 5, 7, 54
14. ТАНТАРОВСКИ ВЕЉО - 47, 52
15. ТАИРИ МЕВЉАН - 45, 46
16. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ - 11, 14, 16, 20, 27, 52, 59, 60
17. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 53


Дневен ред на стр.8

1. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот е на РМ за 1994 г.
2. Настани поврзани околу матурскиот испит и инцидентите во двете дискотеки во Скопје Хард-Рок и Силекс

крај

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 декември 1994 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Со денешнава седница ќе раководам јас, поради отсуство на претседателот.

Дами и господа пратеници.

Ја отворам Петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците, Благоја Силјановски, Симон Наумовски, Јован Србиновски, Фаик Абди и Благоја Стефановски најавија отсуство од денешнава седница од оправдани причини.

Констатирам дека на седницата е присутно мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За денешнава седница се поканети и претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров и претседателот и членовите на Владата на РМ.

Записниците од 1-та, 2-та и 3-тата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешка на пратениците?

Нема.

Констатирам дека записниците од 1-та, 2-та и 3-тата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Оваа седница е свикана согласно член 341 став 1 од Деловникот на Собранието заради разгледуваше на Предлогот за изменување

и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 1994 година во скратени рокови.

Кој е за предлогот на Владата молам да крене рака?

98 пратеници гласаа за.

Кој е против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласаше?

Нема.

Констатирам дека Собранието на денешната седница ќе го претресува Предлогот за изменуваше и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 1994 година.

Владата на Република Македонија му предлага на Собранието по итна постапка да го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1994 година.

Предлогот на законот ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основаната и неодложна потреба за донесување по итна постапка на овој закон.

Господин Хајредини, министер за финансии има збор.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници,

Собранието на Македонија во декември 1993 година донесе закон за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во Републиката. Во текот на годината се јави потреба Владата да предложи на Собранието измени и дополнувања на Буџетот на Републиката кој денеска е исто така на дневен ред, како втора точка.

Буџетската потрошувачка е една од главните компоненти на јавната потрошувачка. Со оглед дека е билансиран ребалансот на Буџетот се јавува потреба пред да се разгледа ребалансот на Буџетот да се изврши измена и дополнување на постојниот закон за ограничување на изворните приходи за јавните потреби во 1994 година со цел да може да се усвои и ребалансот на Буџетот.

Од овие причини на денешната седница е неопходно пред да се разгледа точката за ребалансот на Буџетот Собранието да го усвои законот односно измените и дополнувањата на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на Владата на Република Македонија Законот за изменување и дополнување на законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1994 година да се донесе по итна постапка, молам да крене рака?

90 пратеници гласаа за.

Дали е некој против, молам? (1 пратеник)

Не, нема расправа во врска со ова.

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе предлог на оваа седница Собранието да расправа за барањето за отворање на албански универзитет во Тетово.

Предлогот на пратеникот Томислав Стојановски ви е поделен.

Предлогот е доставен до Владата на Република Македонија и до овој момент немаме писмено мислење добиено од Владата на РМ.

Го молам пратеникот Томислав Стојановски да ги образложи причините поради кои бара на денешната седница да се расправа по ова прашање.

Господин Стојановски има збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, Подолго време, особено последниве денови јавноста е вознемирена, со право со иницијативата за отворање на албански универзитет во Тетово, против уставно, против законито за што може да се каже дека средствата за информирање на овој проблем му посветија соодветно внимание, затоа мојот предлог е дека е потребно Владата преку своите одговорни министерства да даде свое образложение, свое видуваше иако на сите ни е јасно дека ваквиот потег не е во согласност со Уставот и законите на оваа држава.

Оваа загриженост посебно ги загрижува граѓаните во западниот дел на Републиката, особено во Тетово. Веќе е најавен датумот на отпочнување со работа на овој универзитет 17 декември. Се делат покани за тоа започнување со работа и мислам дека час поскоро треба во ова Собрание, во највисоката институција на овој систем Владата да изнесе свое мислење и на тој начин да се стави крај на ова прашање, дотолку повеќе што притисоците, уцените од иницијаторите на овој Универзитет коинцидираат со одлуките на општинските собранија за поддршка на вакво нешто од Тетово од Гостивар, од Дебар и изнесените мислења на трибината во Приштина пред неколку дена каде што е дадена полна поддршка на ова, со уште неколку други работи кои што со право внесуваат немир и загриженост за понатамошните стабилни односи и воопшто безбедносната состојба во Републиката.

I/5

Затоа сметам дека Владата треба да одлучи и час поскоро без оглед на сето она што значи нејзини објективни проблеми во фаза на конституирање на нова Влада, некоја коинциденција можеби што не е случајно што не е избрана практично во овој вакум кога држава е зафатена со многу поважни прашања и проблеми да помине на мала врата една ваква иницијатива.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој проблем.

Господин Ристо Иванов има збор.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Владата смета дека за овие прашања би требало пратениците да имаат поцелосна информација за сите аспекти, како правни, каква е фактичката состојба и затоа сметаме, а бидејќи во текот на вчерашниот ден го добивме ова, во отсуство на министрите кои би требало да ги дадат тие информации, ако може на оваа седница тоа да не се разгледува

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Стојановски дали го прифаќате предлогот на Владата?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Барам рокот за оваа информација од Владата во секој случај да биде пред 17 декември, дотолку повеќе што министерот за образование подолго време не е присутен во јавноста. Ова е веќе петта седница, не го гледаме и сметаме дека ако Владата даде рок преку својот овластен претставник денес ќе го прифатам таквото мислење. Во спротивно ако рокот на изјаснување на Владата биде после 17 декември тогаш инсистирам расправата да се води на денешната седница

Благодарам.

I/6

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали претставникот на Владата може да прифати ваков предлог?

**РИСТО ИВАНОВ:**

Јас напоменав дека во таа информација од надлежните министерства ќе бидат опфатени правните аспекти на секои од овие аспекти, или сега разговараме само за оваа иницијатива.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Само за оваа иницијатива.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Правните аспекти и воопшто што е тоа што во овој период може да се направи, меѓутоа се во рамките на правната процедура без премногу амбициозности овде со заклучоци или со такви работи да се решаваат.

Рокот што е овде даден ако се однесува за изготвување информација може да се прифати, меѓутоа не може да се прифати дека мора да се разговара на итна седница, тоа е работа на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Може ли да констатирам дека сега предлогот е повлечен, после ова објаснуваше на претставникот на Владата.

(пратеникот Томислав Стојановски рече дека го прифаќа условно. Тој ова го зборуваше од место не на говорница.).

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе предлог на оваа седница Собранието да расправа за настаните поврзани околу матурскиот испит и инцидентите во двете дискотеки во Скопје, Хард-Рок и "Силекс". Предлогот на пратеникот Томислав Стојановски Ви е поделен.

Предлогот е доставен до Владата на Република Македонија и до овој момент немаме добиено мислење односно став на Владата на РМ по предлогот.

Го молам пратеникот Томислав Стојановски да ги образложи причините поради кои бара на денешнава седница да се расправа по овие прашања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Првиот дел од овој дел на некој начин со брза интервенција на Министерството за образование, на некој начин, можеме да речеме дека е времено решен, значи немора да оди на оваа седница.

За второто прашање после непријатните настани би рекол во двете дискотеки предлагам на оваа седница поради различните информации или подобро речено дезинформации кои што доаѓаат до нас дури и од компетентни стручни лица, различни мислења дури и на лекари кои што во моментот биле сведоци на тие настани, предлагам на оваа седница да избереме анкетна комисија која ќе ги разјасни двата случаи во најкраток можен рок и нас како пратеници и јавноста објективно ќе ги информира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, вака модифицираниот предлог, господин Стојановски се откажува од расправа по првата иницијатива, а во врска со двете бара да се формира анкетна комисија, но за тоа според нашиот Деловник односно според Уставот потребни се 20 пратеници.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

Ве молам, јас не отворив расправа.

**РИСТО ИВАНОВ:**

И во однос на овој предлог сметам дека за солидна расправа на ова Собрание неопходна е писмена информација до сите пратеници од надлежните министерства за еден дел од проблемите и Владата расправаше и задолжи, ги задолжи дел од ресорните министри подетално да поднесат информација до Владата. Затоа сметам дека

само врз основа на таква информација би можело да се разговара за еден од аспектите на овие случаи и второ, другиот дел од проблематиката во рамките на судството. Тие се надлежни да утврдат што е што во овие случаи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали задоволува одговорот?

Може да констатирам дека е повлечен предлогот.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1994 година;

2. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија во 1994 година.

Кој е за предложениот дневен ред,молам да крене рака?

За гласаа 106 пратеници.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Нема.

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

Минуваме на **1-та точка** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1994 година.

Предлогот на законот и извештајот на Комисијата за финансирање и буџет ви е поделен.

Отворам општ претрес, молам, кој бара збор?

Дали во името на предлагачот на Владата? (нема)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 1 став 2 и на член 4 со кои се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

II/1.-ДВ/МЛ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Пред да преминеме на гласање по законот, си дозволувам да побарам две појаснувања од Владата во врска со Предлогот за донесување на овој закон по итна постапка, од причина што јас верувам, мислам и поголем дел од пратениците дека законот го добивме денес во 10 часот и го проучивме толку колку што дозволува времето, значи за десетина минути.

Прво, ограничувањето на изворните приходи за финансирање на јавните потреби според овој закон се зголемува во висина од 3.975.000.000 денари, со оглед дека тие бројки се доста апстрактни кога вака ги гледаме, а тоа е некаде од прилика 150.000.000 ДМ, ако не се лажам.

Овде е кажано само со една реченица дека ова нема да го наруши вкупниот баланс и економската политика што е водена во минатата година, па барам елементарно објаснување:

- Врз основа на што се темели проекцијата дека зголемување на изворните приходи за 150.000.000 ДМ во 1994 година нема да ги наруши финансиските билански на Република Македонија, со оглед дека бројката не делува така наивно.

- Барам образложение од Владата, за да можеме да се изјасниме по овој закон, врз основа на што Владата оценува дека изворните приходи во рамките на единиците на локална самоуправа со своја одлука може да ги преименува од една во друга локална самоуправа, односно нејзините буџети, а тоа не мисли дека може да го направи  на вкупните

биланси на Република Македонија и со сите други фондови, буџети итн. кои со закон ги имаме поединечно утврдени. Јас се извинувам што можеби не сум прецизен, меѓутоа го немаме со нас заедно и Законот кој го имаме донесено минатата година, а кој мислам дека стапи на сила на 1.01.1994 година. Јас колку што се сеќавам таму, поединечно покрај вкупната потрошувачка и поединечната потрошувачка по одделни сегменти ја имаме донесено. Сега за локалната самоуправа посебно се дава право Владата со одлука да ги пренасочува од едно на друго место, до колку некаде имаме вишок или мањак на приходи, а не и за другите корисници, односно за другите фондови, Буџетот итн. Врз основа на што само за овој сегмент Владата мисли дека треба да го има правото.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во Република Македонија важечка валута е денарот и во официјалните документи не е можно да се искажат во странска валута финансиските големини, ниту сме должни овде да даваме веднаш колку е тоа во мраки, во долари итн.

Во врска со констатацијата во образложението дека зголемувањето на вкупниот обем на буџетската потрошувачка дека нема да ги наруши финансиските токови доаѓа од следното:

Буџетот за 1994 година, за разлика од други години беше донесен уште во декември 1993 година. Почетокот на 1994 година се совпаѓа и со примена на нов даночен систем, примена на сите нови закони за даноците. Беа, како што е познато коренито изменети до- тогашните закони за даноците и се подразбира дека не беше лесно да се претпостави на кој начин ќе се одрази примената на овие закони. Во тоа време имаше и доста поинакви прогнози дека со новиот даночен систем влегуваме во нешто непознато и дека може да се доведе во прашање

функционирањето на органите на државната администрација. Ние кога почнавме да го преиспитуваме Буџетот за 1994 година, некаде во месец јуни 1994 година, ги имавме веќе податоците од реализацијата на даночниот систем. При тоа, исто така е познато дека при конципирањето на Буџетот за 1994 година Македонија беше во преговори за склучување на аранжман со ММФ сврзан со проблемот на уредувањето на односите на Македонија, обезбедувањето на продолжувањето на членството на Република Македонија во ММФ и во Светската банка. Тогаш со Фондот беа договорени и политиките кои треба да ги спроведеме во те- кот на оваа година. Мисијата повторно во јуни и во септември два па- ти претстојуваше овде и имајќи ги предвид новонастанатите околности во државата, имајќи предвид дека многу претпоставки во текот на го- дината не се остварија а за кои подетално ќе зборуваме после, при разгледувањето на Буџетот, се јави потреба од корекција на износот на вкупната буџетска потрошувачка и минимални измени на другите облици на пензиско - инвалидскиот фонд и Фондот за вработување и врз база на макроекономските параметри изготвено од надлежните министерства и усвоени од Владата, направена е нова проекција на Буџетот за 1994 година уште во месец октомври, бидејќи стариот Парламент со закажувањето на изборите не функционираше, остана ова прашање да го разгледа ова Собрание. Останува според тоа констатацијата дека со тоа не се нарушуваат вкупните финансиски текови и макроекономските агрегати на Република Македонија, а во текот на денешната седница при разгледување на втората точка ќе се дадат и детални образложенија, за што ќе бидат наменети средствата што се предлага да бидат зголемени.

Што се однесува до членот 3-а со кој се овластува Владата да ги пренесе правата на одделни општини кои нема да бидат во можност да ги реализираат своите со закон предвидени изворни приходи и да се

пренесат во општини каде што се остварува вишокот на приходи. Тоа е поради практични причини затоа што е крај на годината и одделни општини се соочуваат со обврски наследени дури од времето пред нивното финансирање целосно да помине во Републиката, а кај одделни општини не се остваруваат приходите од објективни причини, дадено е право на Владата, бидејќи е времето кратко ова да се пренесе од општините кои не можат да остварат права на општините кои остваруваат вишок на приходи. Меѓутоа, само во рамките на вкупниот збир на неоствареното право на општините. Тој износ не мора да се совпаѓа.

Зошто тоа не е правено со другите позиции? Овде вкупниот збир на потрошувачката на локалната самоуправа не се менува. Мислам дека тој е утврден на 403 и Владата нема право него да го менува. Тој останува како позиција таква. Тоа се причините за кои Владата предлага овој закон да се донесе.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, само едно прашање до министерот за финансии.

Кај мене побуди интерес член 1 во кој се поместени одредени износи, посебно во точката 3 а се однесува за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, ограничување на средствата од 14.189 итн. се зголемуваат на 14.830. Прашањето се сведува на тоа: дали императивно, практично со ограничување во членот 1, во точката 3 влијае да не би можеле да ја реализираме политиката остварување на тринаесетта пензија на пензионерите. Бидејќи лично сум убеден, ако вака се постави и ако ги ограничуваме тие права и износите на пензиско и инвалидско осигурување ние на некој начин се задоволуваме со состојбата дека остануваме на иста положба во која сме. Така да пензионерите во оваа смисла веќе со законот ја ограничуваме масата на

II/5.-

средствата и можеби веќе крајно време е да кажеме дека за пензионерите нема тринаесетта пензија во текот на 1994 година, а можеби ќе треба да размислуваме за 1995 година, бидејќи овој закон императивно дејствува и на Буџетот кој понатаму треба да се носи.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во постојните прописи за финансирање на пензиско инвалидскиот фонд мене не ми се познати ни 12-та ни 9-та ни 14-та пензија. Системот на финансирање на овој фонд е утврден со закони донесени од ова Собрание и со одлуки на надлежните органи на Фондот. Само што износот кој е овде предложен како рамка нема да биде проблем. Проблемот ќе биде тој да се оствари, а не да се оствари поголем износ а да нема што да правиме. Тој е проектиран така да ќе се јавуваат проблеми ако тој не се оствари, а не гледаме можност Фондот да дојде во ситуација да има поголеми приходи од износот што овде е даден.

**ЛАЗО ДИМОВ:**

Најпрвин јас имам една забелешка до претседавачот на седницата затоа што не дозволи претрес по предлогот за утврдување на точките по дневниот ред, можеби не ме забележа. Но јас и тогаш сакава да се јавам и сега се јавувам од следните причини:

Ние сега овде пред нас имаме расправа за закон по итна постапка со кој закон ќе ја ограничиме јавната потрошувачка. Тоа ограничување во конкретниот случај не значи надолно ограничување, туку зголемување на таа јавна потрошувачка, од прилика како што кажа претходниот пратеник Поповски цирка од околу сто три-четириесет милиони долари, иако министерот вели дека не треба да стои тука во марки или во долари.

II/6.-

Ние сега треба да донесеме закон по итна постапка каде јавната потрошувачка ќе ја зголемиме над 10%. Таков закон треба да донесеме, закон кој го добивме непосредно пред седницата, а сепак треба малку да го погледнеме. Едино објаснување од претставникот на Владата е дека овој закон можеме и треба да го донесеме само заради тоа што европските економски асоцијации ја симнале забраната надолу, туку дека ние таа работа можеме да ја правиме нагоре и можеме да зафаќаме од стопанството.

Исто така јас овде не можам да бидам толку дециден и јасен бидејќи немав доволно време да го проучам. Со моето блиц гледање на овие бројки видов дека кажува дека државната потрошувачка ја зголемуваме од околу 10%, додека овие, така да ги кажам дејности од здравственото и пензиското осигурување, здравниот дел нешто се намалува, додека зголемувањето на пензиите е незнатно. Јас не знам дали ова е таман или не е, но во образложението и во излагањето на министерот за финансии не најдов аргументи со кои ќе се поткрепи оваа потреба од зголемување на јавната потрошувачка, или неговиот одговор таму гласеше дека ние сега треба да создадеме простори за зафаќање, а после ќе видиме каде ќе ги распоредиме и како да ги потрошиме парите. Мислам дека за зголемување на јавната потрошувачка и те како овој Парламент треба да расправа мериторно, а за да биде тоа мериторна расправа треба прво да има информации, бидејќи овој Парламент е тој што треба да ја ограничува таа јавна потрошувачка, бидејќи секоја власт и секоја држава сама по себе, априори, има тежнение да биде скапа. Според тоа сметам дека ваквиот начин на донесување на закони по итна постапка кои што се и те како битни за нашата држава не би требало да биде пракса. Еве веќе на петта седница ние донесуваме три закони по итна постапка. Јас не ги знам потребите какви се, но повеќе од убеден сум дека при предлагањето на ребалансот

на Буџетот на Републиката кој што го имавме можеше и овој закон ба- рем како материјал да оди. Нека бил по итна постапка, но барем ка- ко материјал, а не тој истиот материјал да дојде на седницата.

Го прашувам претседавачот кога ќе почнеме ние во овој Парламент да донесуваме закони по редовна постапка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа јас не одговарам. Собранието е должно да носи закони, а ние водиме само расправа.

Има збор господинот Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Што се однесува до забелешката, со право, на господинот Лазо Димов дека законот сега го добиле, јас нешто реков, меѓутоа, не бев доволно јасен дека ова е последица на една објективно создадена ситуација.

Овој закон беше во Собранието од Владата испратен во почетокот на ноември. Меѓутоа, бидејќи добивме ново Собрание сите закони по сила на прописите се повлечени и ние моравме да доставиме нов, ист текст, само повторно. Значи тоа е затоа што дојде до измена на Собранието.

За оправданоста од зголемување на вкупната буџетска потрошувачка, а кажувам дека другите сегменти не се зголемуваат, ќе биде јасно дека ние прво зафаќањата не ги зголемуваме со овој закон. Зафаќањата се уредени со законите за даноци. Во нив се утврдени основиците и стапките. Нив може овој Парламент да ги менува ако констатира дека се остваруваат поголеми приходи од она што исто овој Парламент ја утврди јавната потрошувачка, само тоа после. Сега тие закони се на сила и за време на овие неколку денови до крајот на

годината додека овој буџет може да биде, тие не ни можат да се менуваат по редовна постапка и да се намалуваат зафаќањата.

Кога ќе расправаме за одделните позиции од Буџетот ќе видите дека не се менува позицијата за платите на буџетските корисници. Според тоа, дами и господа, не се работи за тоа дека е зголемуваме јавната потрошувачка за изградба на плати, туку ќе видите дека на оваа Република и беше наметнат проблемот да се поврзе со железничка пруга на Исток, затоа што сме блокирани на Југ и Север. Сега не е вистина дека поради преговорите со мисиите на ММФ туку поради нашиот интерес да ги зајакнеме позициите од социјалните програми кои тука исто така се коригираат, трансферот за пензискиот фонд кој се соочува со огромни проблеми затоа што неговиот изворен приход кој го утврдува ова Собрание со закон, стапката на придонесот исто така не недостига, тие наметнале потреба, а тоа ќе се види, да се вршат одделни корекции на Буџетот и да предлагаме ребаланс на Буџетот за 1994 година. Според тоа, сите овие моменти кои беа наведени од претходните господа, Владата ги имаше предвид.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЛАЗО ДИМОВ:**

Мислам дека министерот уште повеќе ме збуни со неговото

искажување. Од една страна станува збор за тоа дека зафаќањата по било кои основи се утврдени со посебни закони, што е свршено јасно. Ова ограничување на тоа зафаќање се става од прости причини заради тоа што по тие основи, по тие проценти на зафаќање може да се остварат толку или онолку пари.

**ЛАЗО ДИМОВ:** (продолжение)

Ако е тоа веќе така, сега во контрадикција доаѓа министерот Ограничувањето го качуваме горе, од кои причини? Од тие причини, бидејќи од тие проценти кои се изгласани сигурно има простор да се острви таа работа. Тоа не е одговор, ниту изговор за тоа што се прави, туку едноставно станува јасно дека навистина сега има намера оваа јавна потрошувачка да се зголеми. Одговорот на министерот дека овде не се работи за зголемување, ова не се качува нагоре, бидејќи не се работи заради зголемувањето на платите на службениците, на сите нас тука ние е совршено јасно дека главната ставка на оваа јавна потрошувачка не се платите, туку други материјални трошоци итн. Уште повеќе ме збуни дека викаме ова се прави поради здравството, а потрошувачката здравство, како што гледаме се поради пензиите здравството се ограничува и многу се мали зголемувањата.

Исто така, уште повеќе ме збуни дека ова е поради тоа поради некоја пруга исток - запад, која што пруга, јас не знам, ако таква пруга постои некоја фантомска и ако треба некој да ја прави сигурно за таа работа ова Собрание, јас барем колку што следам треба да донесе одлука. Ние сега правиме конструкции во Буџетот, а за тие работи јас не знам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

Да не се разидеме по точката недоразбрани. Сакате со она што имате одговор во втората точка од дневниот ред, позиција, по позиција, ставка по ставка. А ако вие не сте информирани, вие оти и камен темелникот за пругата е утврден, тоа е ваш проблем, не е на

Собранието. И дека треба да се обезбедат средства за да се покрие тоа од буџетската 1994 година, тоа е тоа. А функцијата на овој Закон е да ги одмери реалните потреби, не да ја зголемува потрошувачката, таа е определена со одделни закони да ги одмери, а износот е оној што го имате во втората точка го,акцептира да не смее ако има повеќе приходи од тоа да не може ни еден ден да се потроши преку тоа. Ако тоа ви е јасно, не знам зошто ги комплицираме работите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам немојте да водите реплика.

Дали можам да констатирам дека повеќе никој не бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање,.

Кој е за, молам да крене рака? (

За Предлогот на законот гласаа 106 пратеници.

Молам, дали некој има против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеници)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби во 1994 година.

Минуваме на **<u>точка 2</u>** - <u>Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 1994 година.</u>

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот и Извештај на Комисијата за финансирање и буџет, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по начело.

Го молам министерот за финансии г-дин Џевдет Хајредини да го презентира Предлогот.

III/3.-

Има збор г-дин Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници. Владата на Република Македонија изготви и достави на Собранието на Република Македонија предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 1994 година, кој е изготвен согласно член 23 од Законот за буџетите.

Појдовна претпоставка при изготвувањето на измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 19 94 година претставуваат целите и стратегијата на стабилизационата политика во 1994 година, преоцenетите макроекономски агрегати за 1994 година и постигнатата согласност со мисијата на меѓународниот монетарен фонд, како и остварената динамика на приходите и расходите на првите 10 месеци од оваа година.

Со Мисијата на меѓународниот монетарен фонт е договорено Буџетот за 19 94 година да биде конзистентен со следните цели:

Прво, дефицитот во буџетот треба да се намали од 7% од општествениот производ од 1993 година на 3,5% од општествениот производ во 1994 година. Со цел да се избегне акумулирање на домашни неизмирени обврски освен за сервисирањето на девизните штедни влогови Да се растовари монетарната политика со создавање Владини депозити во Народна банка од 300 милиони денари во текот на втората половина на 1994 година и да се овозможи Буџетот да ги сервисира обврските, кои доспеваат кон Светска банка до крајот на оваа година.

Второ, дополнителните извори во износ од 3% од општествениот производ да се распределат за капиталните трошоци средства за структурните реформи и проширување на мрежата на социјалната сигурност

Дополнителните фискални мерки применети од јули оваа година во составот на проекциите кои го покажуваат фискален дефицит во втората

III/4.-

половина во годината од страна на мисијата беа оценети како доволни за да се постигнат горeспоменатите цели. Овие дополнителни мерки беа: Прво, замрзнување на вкупниот номинален месечен износ на платите на сите буџетски корисници до крајот на годината, вклучувајќи го генерално и замрзнувањето на бројот на вработените и унапредувањата.

Второ, намалувањето на хранарината од 2 5% на 20% од просечната плата во стопанството за корисниците на Буџетот.

Трето, елиминирање на определени преференцијални пензии финансирани со трансферот од буџетот.

Четврто елиминирање на одредени ослободувања од царински давачки, кои им биле давани на другите поранешни југословенски републики, зголемување на царинските давачки за одделни стоки за широка потрошувачка од 1 до 15 процентни поени и воведување на посебни давачки за одредени прехранбени производи. Мерките од 1 до 3 се проектира да обезбедат, 0,8% од општествениот производ во текот на втората половина од годината, а мерката под 4 од царинските давачки се проектира да оствари дополнителни приходи од 0,6% од Општествениот производ.

Дополнителните договори кои се однесуваат на Буџетот за 1994 година вклучуваат:

Обезбедување на средства за изградба на железничка пруга кон Бугарија од 900 милиони денари.

Второ, намалување на нето трансферите на СИЗ-от за патишта за 56 0 милиони денари споредено со распределбата за тие трансфери вклучени во првобитниот буџет за 1994 година. Ваков договор беше постигнат, пред се, поради обврските,кои доспеваат во текот на 1994 година на СИЗ-от за патишта спрема Европската инвестициона банка по основ на отплата на искористени кредити.

Меѓутоа, во наредните контакти со Европската инвестициона банка постигната е согласност доспеаните ануитети во 1994 година да се пролонгираат за наредниот период, поради што не е извршено намалување на утврдените средства со Буџетот за предниот износ.

Трето, во случај да дојде до неочекувани настани, утврдени се и дополнителни заштитни мерки, кои би се примениле само во случај ако претходните мерки не се остварат.

Владата даваше гаранции за нови кредити од Банките за претпријатијата, кои се на листата на 25-те големи загубари само до 31 октомври 1994 година и тоа само во случај претпријатијата целосно да гарантираат со определени остварувања од извоз на конкретни рентабилни зделки.

Поаѓајќи од предните претпоставки е и оценката за остварување на приходите до крајот на годината, при што се имаат предвид и остварувањата на приходите за периодот јануари - октомври, се предлага вкупните изворни приходи да изнесуваат 37 милијарди, 750 милиони денари, кои во однос на планот од 33 милијарди 801 милион денари да, бележат пораст од 11,41%. Односно вкупните приходи заедно со средствата за сервисираше на утврдениот дефицит 11.700 милиони денари да изнесуваат 49 милијарди 458 милиони денари и истите во однос на планот 48.588 милиони денари бележат пораст од само 1,79%.

Измени со кои се предлагаат во билансот на приходите се следните:

Прво, персоналниот данок од доход се предлага да изнесува 9097 милиони денари и во однос на планот бележи зголемување од 12,54% кој со месец октомври е остварен во износ од 7 милијарди 313 милиони и 200 илјади денари.

Второ, данокот од добивка се предлага да изнесува 1 674 милиони денари кои во однос на планот бележи пораст од 58*67% а во првите

десет месеци е остварен <во износ од 1 999,1 милион денари.

Трето, данокот на промет на производи и услуги за првите десет месеци е остварен во износ од 5 893 300 илјади денари. И се предлага да изнесува 7 804 милиони денари, односно со порастот од 5,32%.

Акцизите се предлага да се зголемат за 11,78% во однос на планот и да изнесуваат 11 114 милиони денари, кои во периодот јануари - октомври се остварени во износ од 9 204 400 илјади денари.

Царините и другите увозни давачки се предлагаат да изнесуваат 5 3 90 милиони денари и во однос на планот да бележат зголемување од 33,51%, а до месец октомври се остварени во износ од 4 344 милиони и 200 илјади денари.

Поради ниското остварување на неданочните приходи во првите 10 месеци во износ од 1 962 милиона и 100 илјади денари се предлага да се намалат за 20,32% и да изнесуваат 2 679 милиони денари. Покрај предното, во приходниот дел се намалени и приходите по основ на тековни трансфери од претпријатијата за 1 66 8 милиони денари, како и приходите по основ на кредити од меѓународни финансиски институции и донати за 1 330 милиони денари како последица во прв ред на примената на остварениот курс на долговите, на домашната валута. Затоа што при донесувањето на Буџетот зголемените се пресметуваа со планираниот курс .

Имајќи ја предвид динамиката на остварените приходи во првите 10 месеци од годината кај одделни видови на даноци можат да се очекуваат остварувања и повисоки од предложените. Меѓутоа, на овој предлог не обврзуваат износите, кои се договорени со Мисијата на фондот. Значи, таквите евентуално повисоко остварени приходи од оние што се овде ограничени, не можат да се користат за јавна потрошувачка.

III/7.-

Поаѓајќи од договорените елементи за трошоците на Буџетот до крајот на 1994 година се предлага истите да изнесуваат најповеќе до оценетите изворни приходи во износ од 37 758 милиони денари, кој износ е зголемен за отплата на надворешниот долг 8 041 милион денари и по основ на камати за домашни и странски кредити 3 659 милиони денари.

Од предното произлегува дека трошоците на Буџетот се предлагаат да изнесуваат 39 милијарди 458 милиони денари и се е во рамките на предложените приходи.

Измените кои се предлагаат во билансот на трошоците се следните:

Прво, платите, наемнините и надоместоците се предлагаат да се зголемат за 6,40% по однос на планот и да изнесуваат 13 мили- јарди 791 600 илјади денари. При предлагањето на предниот износ се имаа предвид донесените мерки од страна на Владата во почетокот на месец јули, како и одделните заклучоци донесени исто така од Владата подоцна во однос на одобрување на зголемување на бројот на вработените кај одделни корисници на средства на Буџетот, Министерството за внатрешни работи, Царината, Педагошки завод, Министерство за земјоделство, Министерството за одбрана, како и во Министерството за финансии, пред се, за преземените работници од поранешниот СОК во управата за јавни приходи, Републичкиот судски совет како нова установа, Заводот за платен промет и Секторот за цивилна и воздушна пловидба кои се дополнително вклучени во Буџетот како корисници на Буџетот.

Со предложените износи за одделните корисници на средства од Буџетот се обезбедуваат потребните средства на исплата на платите, наемнините и надоместоците, заклучно со месец ноември 1994 година. А платата за месец декември да се исплати во почетокот на месец јануари 1995 година, како што е договорено и со Мисијата на Фондот,

за да може да останат средства за други потреби.

Второ, трошоците за материјали, стоки и услуги се пред- лага да изнесуваат 4 072 700 илјади денари односно со зголемуваше од 8,67%, при што се има предвид ниско предвидените трошоци кај од- делни корисници, а посебно кај правосудните органи.

Трето, другите материјални трошоци и резервите се пред- лага да се зголемат за 36,33% и да изнесуваат милијарда 564 шесто илјади денари. При предлагањето на овој вид трошок, исто така се има предвид ниско предвидените износи кај одделни корисници а посебно кај правосудните органи.

Тековните трансфери се предлага да изнесуваат 13 648 600 илјади денари кои во однос на планот бележат пораст од само 2,77% како резултат на ставовите на меѓународниот монетарен фонд и нашите дополнителни согледувања по барањата на корисниците. Меѓутоа и покрај малото зголемување во оваа поткатегорија во рамките на неа извршени се поголеми промени. Имено, намалувања се направени кај трансферите по основ на санација на банките за 2 730 милиони денари, пред се, поради доцнење на програмата за санација на банките и трансферите до единиците на локалната самоуправа за само 23 милиони денари и субвенциите во патниот сообраќај за 88,5 милиони денари.

Зголемувањата, главно, се однесуваат кај социјалните програми за 719 милиони денари. Детскиот додаток за 872 милиони денари, бидејќи при донесувањето на Буџетот се поаѓаше од претпоставката дека ова право ќе се укине, а дел од потребните средства ќе се компензираат преку социјалните програми. Ова во текот на годината не се оствари, промената на соодветните законски прописи.

Обврските на Републиката по основ на пензиско и инвалидско осигурување за 945 милиони денари, преземените обврски по основ на девизните штедни влогови за 20 0 милиони денари, стимулациите за

извоз за 399 милиони денари и ученичкиот и студентскиот стандард за 91 милион денар, односно 83,4% од вкупното зголемување на тие приходи се однесува на овие обврски.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРАДИНИ**:(Продолжение)

83,4 од вкупните зголемувања на изворните приходи се однесува на овие трошоци. Средствата за исплатата на каматите зголемени за 19,2 милиони долари во однос на планот, се предлагаат да изнесуваат 3.669 милиони долари, од што треба да се потенцира дека е извршено намалување кај каматите на домашните кредити за 2.458,8 милиони денари, а зголемувањето на износот по основ на каматите од странски кредити за 2.478 милиони денари врз основ ана извршените исплати и оценката е до крајот на годината.

Средствата за купување на опрема се предлага да изнесуваат 1.297,5 милиони денари кои во однос на планот се зголемени за 32,68% и тоа се пред се за зголемување на ставката за изградба и реновирање за 102,7 милиони денари за изградба и опремување на гранични премини и доизградба на хируршка клиника основно специјално одржување на објектите за 205,5 милиони денари и тоа пред се, поради потребата за санација на објектите во основното и насоченото образование настрадани од земјотресот во Битола, Ресен и Демир Хисар. Од категоријата давање на заеми и учество во дел од хартиите од вредност се зголемиле за 900 милиони денари во однос на планот кој изнесуваше 880 милиони денари и значеше учество во финансирањето на гасоводот и се предлага да изнесува 1.780 милиони денари каде што се додава износот за пругата. Зголемувањето целосно се однесува за изградба на пругата. За отплата на главницата за користени кредите од мултилатерални финансиски институции се предлага да се ангажираат 8.045 милиона и 100 илјади денари и тоа претставува намалување за 2.315,9 милиони денари и тоа пред се, поради фактот што првобитниот предложен износ за отплата на главницата на странски кредити што беше 10.367,0 е намален односно сведен на износот кој ќе се отплати до

крајот на годината со истовремено зголемување за 4,1 милион денари за отплата на ануитет кој доспева во 1994 година и е земен кредит од Народна банка на Република Македонија. За овие корекции вршени се усогласувања со Народна банка на Македонија и со податоците од Светската банка.1 На крајот да завршам со укажуваше, со оглед на фактот дека со пред- ложениот ребаланс на Буџетот што се вршат измени кај сите корисници на Буџетот и во сите ставки на билансот на трошоците се определивме посебниот дел на Буџетот да го искажеме во форма како што е донесен Буџетот да се има поголема прегледност за извршените измени, а потоа и за негово извршување. Владата на Република Македонија очекува пратениците да ги прифатат предложените измени и дополнувања на Буџетот за 1994 година.

**JОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Ќе ја молам Владата да објасни, а во врска со ребалансот на Буџетот за испочитување на одредени заклучоци кои што беа донесени од составот на ова Собрание, со учеството на Владата на лисичкиот систем. Ако се вратиме назад заради информација на ова Собрание на 35-тата седница, кога беше поднесен закон за учество во финансирањето на Владата во лисичкиот систем, тој закон имаше важност само неколку часа, заради тоа иако беше изгласан од пратениците, на интервенција на ЗПК беше повлечен, но се донесе заклучок дека приоритет во изградбата на ваквиот објекти ќе има лисичкиот систем. Што се случи? Во 1992 година се издвоива минимум средства кои што беа толку колку што покриваат изградба на селски водовод.

IV/3.-

Во Буџетот за 1995 година, иако заклучок на Владата беше во Буџетот за 1995 година да се одвојат средства за оваа намена и тогаш се издвоија толку малку средства кои што навистина не значат ништо за овој капитален објект како што се нарекува овој. Со донесувањето на Буџетот за 1994 година исто така со амандман се бараше во Буџетот да има посебна точка со која ќе се обврзе Владата да учествува во лисичкиот систем. Тој амандман иако беше усвоен од пратениците, Владата кажа заради рестриктивноста на Буџетот ние ќе градиме таков заклучок да изнајдеме средства да и во 1994 година издвоиме средства, бидејќи е обврска со тој заклучок од 35-та седница на старото Собрание да учествуваме во финансирањето на Системот.Во 1994 година не се обезбедени никакви средства, а во ребалансот иако се рече дека ќе се гледа да се најдат такви средства велиме дека нема и нешто предвидено. Јас Ве молам, треба ова Собрание да каже дека лисичкиот систем се гради од граѓаните на општина Титов Велес, со еден континуиран самопридонес кој што трае веќе повеќе од 10 години, изричито со средства на граѓаните со многу минимално учество на Владата. Се изменија условите на работата. Вие знаете дека и днес- ка има, а граѓаните на општина Велес издвојуваат од самопридонес по два основа од личниот доход и од доходот. Но за несреќа знаеме какво ни е стопанството, сега тој дел што се издвојуваше од доходот го нема и не се издвојува, така што се намалуваат средствата за изградба на лисичкиот систем што може да го даде градот. Сега остана лисичкиот систем да се гради само од самопридонес, тоа што значи одвојување од личниот доход, а сега знаеме какви се личните доходи и како се примаа лични доходи, таа маса на пари е 200 до 250 илјади марки месечно, што е недоволно за градење на еден ваков објект. А ја знаеме состојбата на општина Велес о снабдувањето со вода.

За една поголема информација можам да Ви кажам дека лисичкиот систем има двонаменска намена. Тоа е вода за пиење и вода за наводнување, односно обезбедување на вода за пиење на градот и околните населени места преку филтер станица и наводнување на 4.100 хектари земја по текот на Прополка и од другата страна на Вардар тоа што значи негде према Свети Николската општина Ново село и други. Јас Ве молам ако со средства на општината тој систем што значи инфраструктура на водоводна мрежа , филтер станица, цевовод за вода од 19 километри е изграден само од средства на граѓаните , а исто така и браната е во една фаза на изградба, изградена е некаде 40%, а стручњаците велат ако со овој континуитет само од средствата на граѓаните што се издвојуваат, ако продолжи браната така да се изградува на телото на браната можеме да доведеме да има поголемо оштетување ако не се форсира доградувањето. Ни остана сега телото на браната во изградувањето и контролната кула. Она другото скоро веќе е завршено. Тоа значи дека како како систем граѓаните го имаат 70% изградено, останато е само 30% да се доградува, односно 40% од телото на браната, што значи браната е изградена. Јас Ве молам во една таква состојба кога ги знаеме какви се состојбите со водоснабдувањето на граѓаните на Велес и околните села, кога знаеме во каква еколошка средина живееме, а водата е најпотребна за подобрување на еколошката средина на граѓаните на Велес дали нашата држава, односно нашата Влада нема одредена одговорност во учеството, во финансирањето на овој лисички систем. Од ова досега што се прави за овие неколку години гледам дека изгледа Владата нема одредена одговорност иако лисичкиот систем се вбројува во еден од вертикалните објекти кои што се градат во државата. Овде кажавме дека тој лисички систем како капитален објект го градат граѓаните со самопридонес без

учество на Владата или со учество кое што не значи ништо до вкупниот комплекс на градба. Во разговор со оние што ја водат изградбата зборуваат дека ако не се форсира, има тука инженери, можеби знаат што значи тоа подобро, отколку тоа што јас го знам, ако не се гради тоа може да има и штета на она што е изградено. Дали ако е така, се оградувам од стручно мислење затоа што не сум стручњак по тоа, дали ако е така ако не се поинтензивно гради за година ипол две ќе има штета, тогаш дали оној напор што е направен досега од граѓаните на Велес треба да го уништиме, бидејќи силата на градот како град не е веќе таква да обезбедува вакви средства, а веќе ниеден таков капитал- ен објект не е граден од самопридонес на граѓаните во ниеден град. Тоа е со учество или на кредити или со средства на државата. Јас Ве молам уште еднаш бидејќи тоа беше и заклучок на ова Собрание, а тоа го прифати и Владата дека во 1994 година ќе се обезбедат одредени средства за градењето на лисичкиот систем иако беше таков заклучок, има, тогаш мислам има и обврска Владата тој заклучок кој што беше донесен од Собранието да го исполни.

Ве молам, да не излегувам уште еднаш, ќе кажам само уште нешто во врска со обезбедувањето на средства за превентивна здравствена заштита, иако во одредени позиции има зголемување ваму во битката за, во тоа време во старото Собрание повеќе учествуваа лекарите за зголемување на средствата во програмите за здравствена заштита, во ребалансот остана вака како што е, а за информација ќе ви кажам дека она што значи превентивна здравствена заштита само во организацијата кај што работам, само за материјалните трошоци, а тоа треба да биде обврска на државата, ако се потрошени 2.750 илјади денари платени се само 835 илјади денари. И уште едно сакам објаснување тоа во позицијата за судовите. Во ребалансот кај сите општински судови имаме

зголемување на средствата, а на Општински суд во Титов Велес имаме намалување на ребалансот за 30%. Од прилика знам зошто е, затоа што доста судии го напуштија судот, нормално се намалија средствата, но она како потреба што ќе се покаже за градот Велес за понатаму во Буџетот за 1995 и за пополнувањето на тие места со еден нов Буџет со овие средства не ќе може да опстане Општинскиот суд во Титов Велес и за тоа сакам објаснување.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Господа пратеници,јас во мојата дискусија ќе изнесам некои работи за кои мислам дека сум повикан стручно колку што ги познавам да ги изнесам со цел да имаме еден критички осврт кон она што е предложено како ребаланс на Буџетот.

Имено, во суштина мене лично ме зачудува фактот ребалансот на Буџетот како едно многу битно државно прашање да се предлага на парламентот без да имаме конституирано Влада на Република Македонија. Од друга страна, го исплива на површина фактот дека односот кој изгледа од почеток ќе се воспостави кога е парламентот во прашање е некако вон логиката , вон она што значи најбитна институција на власта во република Македонија. Ова исто така, барем ова е мое лично размислување налага на тоа се што ќе се предложи на овој парламент, однапред се се знае, се е режирано, однапред се знае значи и гласањето. Значи имајќи ги овие работи предвид, тоа веќе како практика да ни се вовлекува во работата на парламентот, јас ќе дадам општа дискусија на она што е ребаланс на Буџетот од стручна професионална смисла, а нема да поднесам писмени амандмани, имајќи

предвид  дека се што ќе се поднесе сигурно нема да биде прифатено. не зависно од тоа при анализа на предложениот ребаланс на Буџетот, како по структура, така и по големина на приходите и расходите се евидентни следните опсервации.

Прво, појдовните претпоставки врз кои е концептиран ребалансот на Буџетот, а особено целите и стратегијата на Стабилизационата политика во суштина не се остваруваат. Сите макроекономски параметри имаат негативен тренд, освен стабилниот курс на денарот кој не е одраз и на внатрешната стабилност на цените. Ова е многу битен елемент Ве молам , додека од предлагачот, нормална работа се предлага ребаланс на Буџетот со зголемување на Буџетот.

Имајќи предвид во однос на целите кои се договорени со ММФ, а во врска со Буџетот не се реално остварливи од следните причини.

Предвиденото намалуваше на дефицитот од 7% во бруто општествениот производ во 1993 година на 3,5% во 1994 година немаат реална основа за остварување од следните аргументи кои ќе ги наведам: Задолжувањето на Владата на Република Македонија кај Народна банка на Македонија во износ од 0,7 милијарди денари со што е подмирена обврската на ММФ во износ од 0,8 милијарди денари, не е ништо друго, туку создавање на дефицит кој се пренесува во наредниот период, од причини што побарувањето што ќе го има Владата кон Стопанска банка на Македонија, познавајќи ја состојбата на Стопанска банка, не е ништо друго, освен едно фиктивно побарување.

Анализирајќи ги мерките кои се назначени по точка еден на образложението на Буџетот ќе назначиме дека замрзнувањето на плати-те на буџетските корисници во 1994 година, како и замрзнувањето на новите вработувања, нема да го постигнат позитивниот ефект без спротивната мерка. А која е таа?

**РУФИ ОСМАНИ:** (Продолжение)

Владата која изгледа ќе ни биде во континуитет, пак истата со некои козметички измени требаше да го спроведе заклучокот на првото собрание за воведување т.е. извршување на рационализација на државната управа, во смисла на отклонување целиот тој вишок на работници, кој што постои во таа државна управа, кој вишок сигурно ќе имаше адекватен придонес во намалувањето на масата на средствата на плати. Значи оваа мерка се уште не се спроведува.

Мерките по точка 4 а кои се однесуваат на елиминирање на одредени царински олеснувања, за воведување на дополнителни царински стапки и давачки се во директна спротивност со принципите на светската трговска организација односно ГАТ кон која се стреми или веќе е зачленета Република Македонија, што од друга страна ќе има негативно влијание врз увозот а директно врз тоа ќе има негативно влијание врз прометот. А на сето тоа озгора ќе има реперкусии во остварувањето на приходната страна преку остварувањето на царините, акцизите, данокот на промет и индиректно на данокот од добивка.

На изнесените факти кога ќе се додадат констатациите од точката 4 и 5 дадени во образложението на ребалансот, станува јасно дека предвидените параметри во ребалансот на буџетот немаат реална основа за остварување, што доведува до констатацијата дека предвиденото зголемување на бруто општествениот производ од 3%, барем за мене, е без реална основа ако како нормална работа, сето тоа не се покрива преку емисија на пари.

Од изнесеното може да се констатира дека реално нема да имаме намалување на дефицитот како што се истакнува во почетокот на образложението, туку што ќе имаме? - Ќе имаме само пренос на дефицитот во наредните периоди 1994, 1995 итн. Кога на горното ќе се

додаде констатацијата дека од предложениот буџет нема покритие за исплата за платите за декември 1994 година, и кога уште озгора на ова ќе и се додадат дефицитот кој е во мирување, значи обврските кон девизните штедачи, која ставка калкулирајќи ги и каматите што течат го надминува износот над 30.000 милијарди денари, е повеќе од евидентен фактот дека ние можеме да зборуваме само реално стручно, но само за пренос на дефицит, а не за намалуваше на дефицитот скоро за 50%, како што е овде назначено од 7 на 3,5%.

Во оваа приликнам некои мои размислувања и кога се работи за приходната страна и за расходната страна на буџетот. Предвидениот зголемување на персоналниот данок од доход во процентот што е назначен е под голем знак на прашан>е, имајќи ги предвид големите проблеми што постојат во стопанството во врска со исплатата на платите, изразита- та неликвидност и инсолвентност негативните деловни резултати, блокадите зимскиот период кои што директно од своја страна влијаат да не се обезбедуваат средства за исплата на плати, од кои пак плати се остварува и персоналниот данок од доход.

Во оваа прилика особено ќе дадам свој суд за данокот од добивка и за данокот од промет зашто ќе изнесам и аргументирана критика што директно се однесува на Министерството за финансии.

Имено, предвиденото остварување на данокот од добивка е реално можно иако енормно од 7 3,4%, но од предлагачот не се наведуваат причините поради кои се предвидува и сигурно ќе се оствари овој пораст. Имено, зголемувањето не е резултат на добивките на правните лица од- носно претпријатијата, туку на решенијата што се предвидени со законот за данок од добивка. Со законот за данок од добивка правните лица

кои немаат исплатено бруто плати, ја зголемуваат основицата за плаќање на данок од добивка и ако покажуваат негативни финансиски резултати - загуби. Со овие решенија се појавува парадоксот, фирмата да е во загуба и поради која загуба неисплатува плати, и тоа редовно, плаќа данок од добивка на неисплатени бруто плати, односно плаќа данок на што? Плаќа данок на загуба. Значи нема добивка, иако насловот на законот е Закон за данок од добивка.

Од друга страна на што резултира ова? Ова резултира на фактот што ние имаме двојно оданочување. Двојно оданочување имаме на бруто платите, еднаш на нив се плаќа персонален данок, а потоа на истите плати се плаќа и данокот од добивка. Јас сум сигурен дека со министерот за финансии за овие работи ќе имаме прилика, сигурно и преку реплика и полемика да се искажеме дали е тоа така или не. Но, ве молам, сите кои работат во стопанство, сите ако не тие директно туку нивните стручни служби, ако ги имаат пополнето обрасците - даночен биланс, сигурно се имаат соочено со овој факт. Тоа е повеќе од сигурно и во оваа прилика би рекол дека ова е едно наше оригинално решение кое може да послужи за пример на другите, но на жалост во негативна смисла.

Од изнесеното како неопходно се наметнува потребата од измена и дополнување на споменатиот закон и јас веќе во процедура има предложено таков предлог, верувам дека сигурно со една стручна анализа ќе се најде разбирање да се направат тие измени и дополнувања, кои што, пред се се за добробит на нашето стопанство.

Остварувањето на точката 3,4,5 од приходната страна на Буџетот се во директна зависност од она што го оспорив како мерки во смисла на дополнителни царински давачки и сл. Во оваа прилика ќе истакнам дека при реализацијата на данокот на промет во практиката се појавуваат

многу аномалии пред се како резултат на погрешното толкување на Законот за данок на промет, исклучиво од страна на Министерството за финансии. Имено за што се работи?

Со едно упатство од 17.11.1994 година под број 14-1182/1 Министерството зазеде став за тоа кој ќе треба да плати данок на услуги од 10%, што беше причина за големите процеси што ги направија адвокатите преку адвокатската комора.

И сега што станува? Откако се направи политички проблем Собранието на Македонија донесе автентично толкување во кое рече дека не се плаќа данок на промет на услуги од 10% за адвокатски услуги. И дали се реши проблемот?!. Не се реши, ве молам. Зашто не се реши? Затоа што во тоа толкување на Министерството за финансии и други услуги што се идентични како што се финансиските, сметководствените, книговодствените итн., плаќаат данок на услуги од 10%. Каде е сега логиката? Дали Законот важи за истите услуги идентично, или ние тој закон ќе го применуваме, зависно од политичката волја односно од политичките притисоци, или од она, да кажеме, што сакаме да воведеме некаков фиктивен мир во однос на одредена групација, во овој случај адвокатите. Како може, да кажеме, да се ослободат од данок на услуги адвокатите, а тие услуги да ги плаќаат финансиерите, книговодителите итн.

Сходно на ова сигурно дека ќе има потреба ова Собрание да даде автентично толкување, скоро на целиот текст на Законот за данок на промет. Ист случај е и при пресметувањето на каматите кај корисниците што ги викаме СПП во народот. Исто и таму се примаат даночни пријави, се анализираат после три-четири месеци а ретроактивно се пресметуваат затезни камати по 2% или 0,5%. Значи во оваа смисла останува обврската овој Парламент да даде јасно толкување што е

V/5

Законот за данок на промет а што е да кажеме Законот за тарифните броеви за данокот на промет, зошто таму постои еден член што е многу апстрактен и кој кажува на сите да кажеме не спомнати услуги се пресметува по 10% данок на услуги. Од друга страна пак основниот, значи данокот односно Законот за данок на промет оваа категорија никаде не ја спомнува.

Имајќи ги предвид овие работи што ги спомнав се наметнува прашањето дали е реално она што е назначено како ребаланст на буџетот односно остварување на приходната страна има реално покритие. Каде? Во стопанството, се разбира, таму каде што се создава доходот, таму од каде што се финансира буџетот. Значи ако не постои реална основа или постои со смалена вредност, сите овие зголемувања, сите овие ребаланси реално гледано немаат реално покритие.

Во оваа смисла ќе поставам две пратенички прашања на кои може да се одговори сега или на некоја наредна седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам вие дискутирате и пратенички прашања сега не се поставуваат.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Се работи ве молам само за материјата, не е надвор од материјата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, да, продолжете само со дискусија.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Би го прашал министерот за финансии која е структурата на приходниот дел на ребалансот на буџетот по општини. Ако има таков податок нека го изнесе.

Кој е соодносот меѓу приватните правни лица и општествените правни лица, по општини во структурата на вкупните приходи.

Ова досега беше во врска со прихоната страна на буџетот. Што се однесува пак до расходната страна на буџетот. При анализа на расходната страна односно на корисниците на буџетот можат да се поставaт многу дилеми што можат да се оспорат, но јас имам една мала пракса односно искуство од една комисија во која обично се одговараше, тоа е така од причини што немаме донесено нови закони, немаме донесе- но нови подзаконски акти, немаме донесено акт за систематизација, рационализација итн. Имајќи ги предвид тие работи, а за што тие формално - правно се регулираат и врз база на нив се распределуваат средствата, јас во оваа прилика во врска со оваа материја ќе поставам неколку прашања.

1. Дали средствата издвоени за трошоците за избори во износ од 135 милиони денари се во согласност со Законот за избори.

2. Дали е реализиран заклучокот на поранешниот Парламент за рационализација на личната потрошувачка кај корисниците на Буџетот.

3. Дали е во сила поранешното решение односно решението на поранешниот Извршен совет на СРМ од 1984 година, пред десет години, со кое во повеќе републички органи беа зголемени платите за 15,20 или 50% и кој е одговорен за кршење на Уставот во оваа сфера. Инаку јас лично знам дека ова решение било во сила до крајот за 1993 година, а немам сознание дали уште се применува и во 199 4 година.

4. Која е националната структура на вработените кај корисниците на буџетот, а особено: а) функционери, б) работници.

Од издвоените средства од позициите 296, 308, 313, 320, 325, 337, 361, 395 и 425, а која вкупна бројка изнесува 977.868.000 денари, колкаво е учеството на средствата во смисла на член 4 8 од Уставот на РМ за развивање на идентитетот на националните особености заштита на јазикот, културниот, јазичниот и верскиот идентитет на националностите. Колку од овие средства се вложуваат односно се инвестирани за основање на културни, уметнички институции и други здруженија, кои што ќе го негуваат и развиваат идентитетот на националностите во смисла на она што е јазик, култура, историја или тоа што се посебности на националностите во Македонија.

И на крај колку се вкупните средства за финансирање на универзитетите во Македонија пооделно за Скопје и Битола, од причини што кога ќе расправаме за иницијативата за отворањето на Универзитетот на албански јазик во Тетово, да имаме точни податоци односно да не се шпекулира во практиката како што е случај во многу јавни гласила, во смисла на тоа дека тоа чини толку или толку и толку. Значи би било пожелно да се излезе и да се знае точна бројка, колку се средствата што се издвојуваат за овие намени. Благодарам на вниманието и на трпението што ме ислушавте.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, измените и дополнувањата на Буџетот односно ребалансот на буџетот е нормална постапка во текот на буџетската година. Појдовните претпоставки на ребалансот на буџетот за 1994 година, според образложението што е издадено се контрадикторни бидејќи кога би имале преоценети макроекономски агрегати за 1994 година, сигурен сум дека би имале буџетски суфицит.

На сите нас ни е јасно во каква состојба е Република Македонија, во каква состојба се макроекономските агрегати, како што е општествениот капитал, националниот доход, вработување, инвестициите и нивото на цените.

Измените што се предлагаат во ребалансот кај приходите, како што се данокот на промет на производи и услуги за периодот јануари-септември остварени 71,3%, акцизите со 81,6%, царината и другите давачки 94,2%, се добива впечаток од гореспоменатите параметри дека правната држава нема единствен аршин за сите економски субјекти во државата. Кога би имале ист аршин, гореспоменатите параметри остварени во периодот јануари септември би биле 100 насто.

Од тука имајќи ја предвид динамиката на остварените приходи во првите 9 месеци од годинава кај одделни видови на даноци мора да се изврши ребаланс. Ова пак покажува дека сите економски субјекти не работат под исти услови во државата.

Од аспект на расходите поголем е процентот на учеството на Министерството за внатрешни работи во однос на Министерството за стопанство или Министерството за развој, тогаш знаеме во каква состојба е стопанството, односно стопанскиот развој во Републиката.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, ќе искажам една констатација и неколку запазувања за предложениот ребаланс на буџетот, во најмала рака сметам дека е непринципиелно или некоректно на 20-тина дена пред завршување на календарската година Владата да ни доставува ребаланс на буџетот, кој според некои мои запазувања не е токму во согласност

со Законот за извршувањето на Буџетот на Република Македонија за 1994 година објавен во "Службен весник на РМ" бр.79 што значи дека се бара со кревањето на нашите два прсти да легализираме нешто, односно да аминуваме за средства што се потрошени во државната администрација, а за кои не е добиена претходна согласност.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:** (Продолжение)

Јас би сакал да ги изнесам моите запазувања. Сметам дека во одредени позиции има поголеми отстапувања во однос на тоа што било предвидено.

Членот 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 1994 година е многу јасен, да не го читам целиот, во него се вели дека износите на трошоците утврдени со Буџетот, освен за отплата на камати и главници за земени заеми се максимални износи и лимитирани, над утврдените износи не може да се преземаат никакви обврски. Мислам дека некои работи што се направени со Ребалансот на Буџетот не се во согласност со овој член 3 од Законот за извршување н Буџетот.

Исто така, барам објаснувања од претставникот на Владата во врска со големите диспропорции за исплатените средства за плати на вработените од Министерството за одбрана и од Министерството за правосудство. Кај Министерството за одбрана параметарот е скоро дупло зголемен во однос на предвидувањата, а кај Министерството за право- судство скоро три пати. На што се должи тоа? Дали се должи на презема! на работници? Ако се тие преземени, од каде се преземени, бидејќи јас едно време бев вработен во Министерството за одбрана и не верувам дека би можеле да бидат преземени толку голем број на вработени колку што се постоечките, за да ставката за плати на вработените на работниците во Министерството за одбрана да биде двојно поголема, а на Министерството за правосудство уште повеќе. Ако се работи аз нови вработувања, мислам дека тоа воопшто не е во согласност со членот 8 од истиот закон што пред малку го кажав, затоа што во него се вели дека во исклучок од став 1 на овој член нови вработувања можат да се вршат само по претходна одлука на посебна комисија што ја формира Владата или ако е така, барам одговор од

надлежниот министер дали сите нови вработувања во државната администрација се со покритие од оваа комисија што е формирана во Владата, односно дали воопшто функционира. Јас имам информации дека ретко кој од министрите односно од министерствата се придржувале на ваквата одлука во овој закон и на Одлуката на Владата да нема нови вработувања. Во тој контекст, потполно го поддржувам излагањето на еден од претходните дискутанти кој рече дека треба еднаш да се воведе ред во државната администрација и наместо да оди кон рационализирање и кон, да речам, правење на мала ефикасна и добро платена државна администрација, кај нас се оди изгледа во спротивен правец.

На крајот да завршам, еден од претходните дискутанти тоа го спомна, во член 15 од Законот за извршување на Буџетот се предвидени средства во износ од 10 милиони денари наменети за финансирање на активностите на политичките партии. Барам објаснување од министерот каде се предвидени тие средства односно под која ставка ќе бидат доделени на политичките партии и дали можеби тие се ставени под оваа ставка во Собранието на РМ за извршување на изборите, а исто така тука би прашал зошто е толку голема разликата меѓу предвидените средства за изборите и тие што се предвидуваат со ребалансот на Буџет

Сосема на крај, давам полна поддршка на излагањето на г-динот Јован Николов за состојбите со водоснабдувањето во Титов Веле и изразувам надеж дека Владата во иднина ќе има поголем слух за тие проблеми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Таири.

(Претседателот Стојан Андов се враќа во салата и продолжува да раководи со седницата).

VI/3.-

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, причина за моето излегување на говорница е, и јас како некои други да ги кажам основните мои забелешки на тоа што се забележува од Ребалансот на Буџетот.

Како прво, тоа е констатацијата, јас барем така мислам, дека ни се доставува нешто што е до сега реализирано. Ако не е така, тоа би требало да ни се каже и да се каже што останало нереализирано во тој Буџет, за да знаеме што со тие други пари, или ако се кажуваат како ставки, да се знае што се планира со тоа.

Второ, мислам дека измените на Буџетот одат во прилог на констатацијата што беше изнесена од некои говорници односно пратеници тука, дека создаваме исклучително скапа држава, затоа што во изразено нестабилни услови за стопанисување,каде што час еднаш се даваат едни давачки, па одредени царини, па се симнуваат тие и така сето тоа е многу нестабилна работа, се одржува со еден стабилен курс на денарот, а покрај тоа се создаваат и нови задолжувања на државата и сите тие работи, иако номинално тоа се избегнува да се каже.

Исто така, битно е да се напомне дека во услови кога немаше зголемување на платите, барем така би требало да биде се забележува дека ставката за плати и наемнини се предвидува да се зголеми од 34 милијарди и 780 милиони на 36 милијарди и 736 милиони. Мислам дека би требало да се даде едно образложение за тоа за што се предвидени овие пари затоа што се работи за зголемување на оваа ставка, дали за нови вработувања и др.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:** (од место)

Тоа го пишува.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Добро, не сум го прочитал тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да упаѓате, а вие само зборувајте на Парламентот.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Конкретно зошто зедов збор: Тоа е една аномалија која од нас неколку пратеници е забележана и во однос на тоа ние дадовме некои амандмани. Имено, се работи за третманот на стопански недоволно развиени подрачја. од Законот за утврдуваше на овие стопански недоволно развиени краишта се утврдуваат општини каде што има такви краишта. Јас одговорно тврдам дека нема само во тие општини кои се набележани со законот за утврдување на овие стопански недоволно развиени краишта туку и во другите општини има такви краишта кои иако важат како развиени имаат и те како развиени краишта. Поради тоа мислам дека тука треба да се гледа малку пошироко и да се опфатат со ставката за агенцијата за стопански недоволно развиени подрачје и некои други подрачја во општините. Зборувам конкретно за Скопје во неколку селски општини како што се селата во општината Чаир, селата во општината Кисела Вода и во општина Карпош. Токму за овие села се поднесени нашите амандмани Бараме, бидејќи со толкувањата кои ни беа дадени за Законот за стопан ски недоволно развиени краишта, бидејќи не можат да се најдат овие подрачја во зафатите што ги презема Агенцијата, да се пренасочи дел од средствата од оваа агенција на одредени позиции, со што би се овозможило да се ублажат состојбите кои се набележани во овие села.

VI/5.-

Исто така, се предлага и од Министерството за наука да се префрли дел од средствата до Министерството за образование заради подобрување на условите под кои се изведува наставата во овие скопски села.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Тантаров

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, Владата на Република Македонија како предлагач на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за оваа година, за денешната собраниска расправа, за оваа пресметка на државните приходи и расходи ни понуди околу 200 страници пишан материјал. Јас како пратеник на земјоделците од 60-тина битолски села, во интерес на работното време, не би сакал да дискутирам одделно на секој раздел, меѓутоа, вашето внимание би сакал да го свртам на тоа како и на кој начин во оваа година се потрошени планираните средства за потребите на нашето земјоделство што се трошеа преку ресорното Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на нашата Република.

Податоците за неговите тековни и капитални трошоци се регистрирани на страница 24 од овој документ и тие јасно говорат дека ова Министерство, за мене од сеуште непознати причини, годинава нема целосно да ги искористи планираните средства за крпење на сиромаштија во нашето земјоделство. Ако се погледне планот на планирани и искористени средства ќе се види дека годинава во нашето земјоделство треба да влезат помалку околу 220 милиони денари. Колку помала помош од Буџетот ќе нема за премии за одделни земјоделски култури, за регрес на квалитетна семенска стока и субвенции во земјоделството. Имено, според овој документ за Буџетот годинава за премии за одделни земјоделски култури и производи биле планирани 1 милијарда и 84 милиони денари. Од нив се потрошени само 889 милиони денари или близу 195 милиони дена од планот.

Натаму, за регреси на квалитетна семенска стока биле планирани 435 милиони денари, а сега овде во овој документ се тврди дека се потрошени само 327 милиони денари или 10 8 милиони денари помалку од планот.

Потоа, во програмата за поттикнување на земјоделското производство планот останува исто, колку се планирани толку се потрошени средства, само 75 милиони денари. А за програмата за ревитализација на нашите села се заборавило да се планираат било какви буџетски средства и таа е сосема празна. Меѓу сите овие основи за доделување на буџетска помош за нашето земјоделство има натфрлање на планот само на позицијата за регресирање на дел од каматите по кредитите во земјоделството и резерви за определени земјоделски култури. Притоа, овој износ од една милијарда и 100 милиони денари е зголемен на 1 милијарда 185 милиони денари односно околу 85 милиони денари. Инаку кога ја споменувам оваа позиција за буџетска помош барам појаснување од надлежните министри за кои земјоделски кредити се дава регрес на каматата, кој ги користи овие кредити, дали приватните или државните производители на храна и за кои резерви на земјоделски производи се доделени овие средства.

Почитувани пратеници, нашето земјоделство долго време се наоѓа во агонија. Блокадите од север и југ, изгубените пазари на поранешните југословенски републики, игрите на Европската заедница спрема нашето земјоделство, укинувањето на поволните кредити за организирање на селско стопанското производство, потоа исфрлање на многу култури од листата на гарантирани цени во нашата држава, огромните камати што минатата година ги потиснаа и приватните и државните земјоделци на банкарските кредити, го доведоа нашето земјоделство така да се каже на еден питачки стап и го натераа во однос на храната да виси ни на небо ни на земја. Сега изгледа дека и Буџетот и го сврте грбот на оваа наша

гранка. Во името на земјоделците прашувам: каде сега ќе одат овие не така мали парични средства што не се искористени од Буџетот за потребите на нашиот аграр и кои дупки од Буџетот ќе се крпат со овие средства. На овој план мора да има само еден одговор. Буџетските средства што беа планирани за земјоделството треба да останат во служба само за земјоделството. Со нив треба да се крпи сегашната земјоделска сиромаштија. На овој план треба да се исплати ненаплатената пченица или да се откупи пченицата на Комбинатот "Пелагонија" во износ од 6 милиони килограми пченица, за која никој не знае каде ќе се пласира сега. Потоа, да се исплатата пазарните вишоци на сончогледот и шеќерната репа. Сончогледот и репата со децен по ред имаат третман на култури од стратешки карактер за нашата држава. Меѓутоа,во последнава година овие култури се исфрлени од оваа листа. Битолските земјоделци есенва собраа над 5 илјади вагони шеќерна репа и до сега немаа добиено ниту еден денар за ова производство. Зошто дел од Буџетот односно дел од Буџетот што нема да се искористи во земјоделството не оди и за оваа намена или пак за исплата на сончогледот? Со Буџетските средства што се наменети за земјоделството се финансираат две крупни програми во селото и земјоделството. Станува збор за програмата за поттикнување на земјоделското производство и програмата за ревитализација на нашите села.

За програмата за поттикнување на земјоделското производство во чии рамки сигурно влегуваат и општинските центри за приватно земјоделство, се планирани 75 милиони денари и нејзините активности треба да се реализираат само со овие средства. На оваа програма сигур мора да се посвети поголемо внимание . Ако дел од она што е скусено во другите ставки не може да оди за исплата на неисплатените пазарни вишоци на шеќерна репа, пченица, грозје, сончоглед и други култури,

VI/8.-

нека се сврти на овој дел од програмата, нека се посвети поголемо внимание на работата на општинските центри за приватно земјоделство. Без нив ниедни стручњаци немаат поголем род од приватните ниви. Европа кон овие стручни служби одамна гледаа со поинакви очи, кај нас по поповите уште тие доаѓаат низ нашите села.

Програмата за ревитализација на селата во разделот на Буџетот што е наменет за потребите на нашето земјоделство е ставена на последно место и за неа годинава не се планирани никакви буџетски средства.

Низ овие 200 пишани страници за изменување и дополнување на Буџетот на Македонија за оваа година никаде не забележав ставка или подставка без планирани и потрошени буџетски средства, освен став ката преку која некој денар требаше да дојде и за ревитализација на македонските села, за решавање на нивните работни и животни проблеми.

Почитувани пратеници, во нашата држава според некои податоци има околу илјада 750 села. Толку села се водат во сите наши општини, а во колку од нив има живот ќе каже последниот попис. Инаку, осмата селска изборна единица, чиј претставник сум јас, има 60 села. Една третина од овие села што припаѓаат на битолско Мариово или се сместени низ седиштата на Селечка планина се испустени или населени со по неколку старечки домаќинства. Оваа жална слика во последно време почнува да се гледа и во десетина села што се наоѓаат крај вештачката грчко - македонска граница. Земјоделците од остарените села во Живојно, Бач, Скочивир, Кременица, Меуитлија, Драгош , Лаже^, Сливе и други села велат дека во овие средини пред две децении имало околу 5 илјади таканаречени први бранители на оваа граница. Денес по експерти ментите што се направени за брза социјализација на нашите села во овие средини, земјоделците што можат да ја извршат оваа татковинска должност, можат да се избројат на прсти. Луѓето избегаа во

градот или надвор од нашата граница. Сега во овие села останаа оние старци кои не можат да соберат некој денар да се преселат во градот. Земјоделците од овие остарени сиромашни ридско - планински села прашуваат кога нивните средини ќе станат пристојни средини за работа и живеење.

**ВЕЉО ТАНТАРОВСКИ:** (Продолжение)

Кога ќе добијат вода, асфалт, телефон, сталeн лекар, ветеринар, современа задруга за организирање и прифаќање на нивното производство. Кога државата ќе се откаже од собирањето на разно разни давачки од овие села, кога старечките земјоделски пензии ќе се изедначат со најниските работнички пензии на работниците од нашата држава. Овие барања на населението од редот од оваа и другите граници може да се решаваат само преку државната програма за ревитализација на селата и таа годинава не требаше да остане без никакви буџетски средства. Овие села без соодветна државна помош не можат и немаат економска моќ сами да ги решаваат натрупаните проблеми. Впрочем, ако не е така, тогаш програмата за ревитализација на селата не ќе беше ни ставена во овој документ од Буџетот. Јас го молам координаторот на Пратеничката група на мојата партија да побара пауза заради доставување на амандман со кој ќе кажеме како и каде ќе треба да се потрошат овие 22 0 милиони непотрошени средства за аграрот.

Барам некои од министрите да каже каде се трошат средствата за спорт. Дали има некои увид колку пари од тие средства доаѓаат низ нашиве села.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Евентуално ако се прифати предлогот да се даде пауза за да се даде амандман да се предложи каде ќе се потрошат средства непотрошени, каков податок за 199 4 година во овој материјал нема. Според тоа, тоа ќе се знае со завршната сметка за Буџетот. За тоа ние

не знаеме денеска. Ние рековме дека Ребалансот е направен врз база на извршувањето на Буџетот некаде до октомври месец. Што ќе се потроши до декември месец не ни е познато сега, за да може да делиме непотрошени средства.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа.

Неколку дена пред крајот на годината пред нас се наоѓа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 1994 година. Малку невообичаено, затоа што Ребалансот на буџетот, обично, по правило се прави порано, за што забелешка дадоа и претходните дискутанти. И покрај тоа од изнесеното образложение кон овој Ребаланс, како што рекоа и другите дискутанти и самиот министер паѓа во очи дека се работи за усогласување од само 1,8% а при тоа Буџетот останува стабилизационен фактор во економската политика на РМ и понатаму. Со предвидените приходи се предвидува финансирање на зголемените потреби врзани со кадровското екипирање на одделни министерства и служби, како и за намирување на одделни зголемени издатоци по основ на социјална заштита и друго. Се поставува прашањето. Дали тоа не можело да се стори преку натамошно редуцирање на предвидените издатоци за одредени намени бидејќи дополнителните приходи значат натамошно фискално оптоварување за околу 5 милиони денари. Тоа негативно се одразува и врз општата ликвидноста на стопанството. Зарем за тоа не говори доволно и големиот број на блокирани претпријатија и на претпријатијата што одат во стечат. Според тоа, успешната фискална политика има' своја цена што доаѓа до израз преку се полошата соодветност и ликвидност. Како заклучок го поддржувам предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 19 94 година и ќе гласам за него.

VII/3

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ребалансот на Буџетот треба да биде на некој начин едно загрејување пред она што ќе значи Буџет за идната година. Така треба да го сфатиме. Ќе биде едно запознавање со една коректност од наша страна према оние што го бараат тој Ребаланс, а сите сме тие на некој начин. Меѓутоа, јас очекував дека во овој Ребаланс на Буџетот ќе се најде едно размислување, една позиција што се провлекува цела година и која што директно е насочена кон поголемите стопански претпријатија особено најголемите извозници.

Очекував дека со овој буџет *е се предвиди барем на крајот на оваа година големите извозници да бидат на некој начин обесштетени со апрексираниот и генералниот курс на денарот. Имено, сметам ако има сеуште можности да се интервенира, ако не во цел износ, барем оној расчекор помеѓу инфлацијата и курсот на денарот кој што знаеме од кои причини сите на некој начин го поддржуваме како една социјална напрегнатост на границите на издржливост за да одржиме на некој начин она што би значело подобро денес за уште подобро утре. Меѓутоа, јас во таа смисла со песимист и отворено ќе кажам, храбро дека ако не најдеме снаги, мислам на средства ако не повеќе барем 50% од овие кои што ги трпат извозниците во Републиката да се надокнадат во идната година, ќе се соочиме не со 23 загубари, туку со 12 3 загубари, и јас се прашувам кој ќе го понесе товарот на сето тоа и да алиментира во овој Буџет. Мислам дека ова прашање е и стратешко и системско и особено ќе биде битно во идната година. Во сите наши документи фаворизираме членство во сите меѓународни асоцијации, особено оние што значат трговија и слично и јас се прашувам на кој начин нашите стопански претпријатија ќе бидат стимулирани да изведуваат и на тој начин да се вклопиме во таа

меѓународна размена на трудот. Затоа уште еднаш до ресорното министерство, се разбира преку него и до Владата бидејќи ова е сериозно прашање кое и што не е во доменот на Министерството за финансии, кое што денес ние тука од сите страни го напаѓаме често пати и без аргумент.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Ако ми дозволите јас накратко би сугерирал неколку работи кои што и по повод оваа расправа, Ребалансот на буџетот, како и по одредени други прашања често пати во отсуство на нов Деловник за работа на Собранието, користејќи го привремениот некои работи ги мешаме.

Мислам дека Буџетот, на сите ни е јасно е еден акт од финансиска природа каде што работите се многу јасни освен ако сакаме да ги направиме нејасни, или пак ако сакаме по повод овој Ребаланс на Буџет да пласираме одредени политички барања и констатации. Имено, ние знаеме дека Буџетот преку закони се полни и преку закони се празни, односно се троши. Според тоа ако нешто фали тогаш треба да се покренуваат одредени иницијативи во промена, измена и дополнување на тие закони, а не сега да се користи овој Ребаланс и кога ќе дојде Буџетот да се пласираат други работи.

Втора работа, исто така Буџетот не познава категории како што се на пример, односно ги има во себе приходна страна и расходна страна, но во никој случај тоа не се идентификува со одредени потреби или барања на одредени субјекти од политичка, уставна или правна природа како што овде беше кажано право на припадници на националности или на останати граѓани. Според тоа мислам дека и тие права, и тие потреби

се регулираат исто така со закон. Според тоа, ако ги нема треба да се бара во законската сфера тие прашања каде што се регулираат и така да се постапува. Да не се користи Буџетот за таква работа.

Трета работа, Буџетот познава само институции кои се формирани со закон. Институции кои не се формирани со закон ниту познава ниту финансира. Во тој контекст е и Универзитетот на албански јазик во Тетово.

**СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас не мислам да предлагам промени во Буџетот, туку сакам да сугерирам на позицијата во разделот 13, последниот став каде што пишува "Биолошки истражувања", за што се одвојуваат 10 милиони денари.

Ако на оваа држава и се потреби суровини, тие треба да се истражуваат, а за нив треба средства. Со овие 10 милиони денари, тоа се околу 400 илјади марки, мислам дека не може да се направи ништо. Ние сме сведоци во последно време, односно информирани сме за 25-те загубари, меѓу кои најмногу се погодени рудниците и за олово и цинк и другите, така што мислам дека еден поголем допринос за ваквата ситуација се недоистражени лежишта. Тоа можам да го потврдам во "Саса" каде работам а и во Злетово, бидејќи сум информиран за таа состојба и мислам уште во планот кога се планирани, бидејќи тука не се предлага Ребаланс е направена голема грешка. Од тие причини сугерирам и на Владата и на Министерството во наредниот Буџет оваа ставка битно да се измени. Јас ќе илустрирам само еден пример. Во годините кога добро работеше "Саса" за истражување во годината се одвојуваше околу милион долари. Сите видови истражувања, и

хоризонтални и вертикални и коси простории и длабински длапчења. Во времето уште на Бивша Југославија на овие простори Геолошки завод работеше по цела година. Ние сме сведоци дека во последно време немаме ни едно метро избушено, па според тоа ако сакаме на овие рудници да им се помогне мислам дека мора нешто да се инвестира. Јас лично мислам, а и вие ќе се согласите на државата суровини и се потребни.

Исто така ги подержувам дискутантите кои се залагаа за зголемување на средствата за електрификација на селата. Покрај овие активности околу агитациите, стварно е срамота луѓето во ова време, едноставно не можат да вечераат затоа што немаат ел. енергија, а се фалиме дека секаде сме електривицирани. Така да амандманите што се предложени за зголемување за 5 милиони мислам дека во наредниот Буџет треба и тоа како да се зголемат и лично да се контролираат тие. Со тоа ги поврзувам и локалните патишта на селата, затоа што обично се стави ставка, средства за неразвиени општини, а за еден Булевар ќе се потрошат толкави средства а луѓето ни остануваат без пристап до селото и без електрична енергија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 1994 година.

Пратениците Сами Ибраими, Мевљан Таири и Назми Маличи поднесоа амандмани на член 3 став 2, раздел 13 и 36 и член 3 став 2 раздел 17 и 36 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Сами Ибраими, Мевљам Таири, Насер Зибери и Назми Маличи поднесоа амандман на член 3 став 2 раздел 21, 22 и 23 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Љупчо Мешков и Санде Давчев поднесоа амандмани на раздел 20 позиција 289 ставка 445 подставка 44-51 и на раздел 11 во делот 3 конто 49, стапка 491 подстапка 49-11 по кои Владата не се произнесе.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 раздел 13 и 36 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Мевљам Таири и Назми Маличи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (10 пратеника)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 став 2 раздел 13 и 36 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Мевљам Таири и Назми Маличи.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 раздел 17 и 36 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Мевљам Таири и Назми Маличи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(Од место пратеникот се јавува и го повлекува амандманот)

Го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 2 раздел 21, 22 и 23 поднесен од пратениците Сами Ибраими, Мевљам Таири, Насер Зибери и Назми Маличи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Бидејќи амандманите се многу слични и потписниците исти ве молам уште еднаш да се прочита овој што е сега на дневен ред.

Од поднесените амандмани Владата ги прифаќа, ако погрешивме досега, амандманот поднесен на член 3 став 2 раздел 21, вкупниот износ на трошоците за финансирање на дејностите од основното образование каде што стои 3.858.701 се заменува со вкупен износ од 3.955.701 и понатаму се обработува по логиката на членот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дали делот од амандманот што се однесува на раздел 22 и 23 не го прифаќате.

(не)

Дали предлагачите остануваат на овој дел што не е прифатен од амандманот. Бидејќи ова што е прифатено е составен дел на текстот на Буџетот.

Дали останува на тоа?

Добро.

Молам, кој друг бара збор?

Има збор Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Имам едно прашање до министерот. Го прифати член 3 став 2 раздел 21 и корекцијата во раздел 21 заради балансот, меѓутоа дали го прифати со образложението кое е дадено во амандманот, или го прифати како ставка, а намената на средствата Владата ќе одредува што не значи дека со ова образложение. Дали ме разбравте што прашувам? Дали го прифаќате како ова образложение со овие наведени школа и села тука, или како посебно. Тоа е мошне битно.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Се прифаќа амандманот до зборовите во раздел 22 вкупниот износ за капиталните трошоци 40.000.000 се заменува со вкупен износ на капитални трошоци 37.000.000. Образложението не е амандман. Амандманот се прифаќа со став 1,2,3,4,5,6.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега накнадно господинот министер ги прифати и измената и амандманот на раздел 23.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Ве молам, целиот овој текст е еден амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Целиот го прифаќате?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Целиот текст го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Затоа што во првото излагање го прифативте само амандманот на раздел 21.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Не. Почнав да го читам, за да го идентификувам од другите амандмани поднесени од истите пратеници. Амандманот е ист. Инаку ќе имаше неколку амандмани. Еден амандман е и амандманот се прифаќа .

Образложението не е предмет на прифаќање, или неприфаќање. Значи образложението не ја обврзува Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам за овие работи да бидете јасни, бидејќи во првото излагање беше речено дека се прифаќа само промената врзана за раздел 21. Тоа значеше дека дел од амандманот се прифаќа, дел од амандманот што се однесува на раздел 22 и 23. Два пати прашав дали тоа се прифаќа . Не реков дека тоа се прифаќа и ги прашав нив дали остануваат на амандманот? Бидејќи сега ја исправивте работата, но во почеток д& гледате , да кажувате точно што е прифатено, а што не е прифатено. Значи сега целиот амандман е прифатен и е составен дел на текстот. Интервенцијата на господинот Поповски разјасни едно прашање дека овие средства одат во намена како што се во разделот, а не во образложението. Според тоа, образложението не е прифатено.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Молам да се изврши исправка и последниот став раздел 22 треба да стои 23.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може вака. Тоа треба предлагачот да го прифати. Тој така си напишал. Ние не можеме да му вршиме исправка. Можеби тој нешто друго има намера.

Констатирам дека предлагачот прифаќа да направи измена. Отворам претрес по амандманот на раздел 20 позиција 289 ставка 445 подставка 4451 поднесен од пратениците Љупчо Мешков и Санде Давчев:

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Мешков го повлекува амандманот.

Дали и господинот Давчев го повлекува амандманот?

Тој не е тука.

Дали сте овластени од него? (овластени)

Нужно е да го повлечете и следниот амандман на раздел 11во делот 3 конто 49 ставка 491, бидејќи е заснован на претходниот.

Констатирам дека го повлекувате амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија за 1994 година.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот за изменување и дополнување на буџетот на Република Македонија за 1994 година го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (90 пратеници гласаа за)

Дали некој е против? (4 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе изменувањето и дополнувањето на буџетот на Република Македонија за 1994 година.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Петата седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши во 13,05 часот.